податокот што Пречиста е домашна слава и за родот Лалошои од Лешок и за лозата на Лалошои од Непроштено.

Од анализата на родот Лалошои односно Главинои и од склучувањето на брачни заедници, утврдив дека до 7 колено нема ниту еден брак на лица од родот од Лешок и Варвара и од лозата Непроштено, што е најмеродавен показател дека од ист род не се земале, а ова посебно што црквовните канони, но, и традицијата биле дека од иста крв не треба да се земаат лицата и дека ако се земат е грев и ќе има деформации (алипни ќе бидат децата) на децата. Со оглед дека Лешок и Варвара и Непроштено се соседни села луѓето мегусебно се знаеле и познавале и никако не доагало да се земат девојка и момче од истиот род Главинои односно Лалошои, иако биле во друго село. Оваа традиција е задржана до денес. Ова е многу јак доказ дека родот Лалошои од Лешок, лозата Лалошои од Непроштено и родот Глајнои од Варвара, биле од истиот свештенички род и затоа нема ниту еден брак на лица до 7 колено.

Верувам дека текстот на стр. 87 од книгата Лешек, Илија Петрушевски или своевремено не располагал со доволно проверени податоци или некој од раскажувачите му пренесол нецелосни и неточни податоци, што не одговараат на вистината и на податоците и информациите до кои јас дојдов во моите истражувања.

Ова мое сознание го базирам и на исказите кои ги добив и од соговорникот Блаже Којновски од Непроштено, кој во разговорот ми делуваше многу бистар и полн со податоци и тоа не само за овие податоци, туку и за други податоци кои ми ги презентира и за потомците на фамилијата Петкои од Непроштено. за кои се интересирав, бидејќи баба ми Цвета е со потекло од наведената фамилија од Непроштено.

Значи, и соговорниците од две генерации од Непроштено Блаже Којновски (217) син на Илвиза (70) и Јован Србиновски (521) син на Доца(204) од родот Шердоој од Непроштено, директор од ХЕК Југохром од Јегуновце, кој е внук на баба Илвиза и др. ми рекоа дека тие слушнале од постарите дека фамилјата Лалошои во Непроштено потекнува од родот Лалошои од Лешок. Аџо Блаже ми рече дека таткото на трите сина Исаил, Богдан и Зафир се викал Мојсо, а дедо им се викал Трипун и дека сите биле потомци на Левко од Лалошои од Лешок, кој дошол за домазет во Непроштено.

## 11. 3. Трето колено - **поп Китан ( 03 )**
( околу 1750 до 1820 г. )

Во **третото колено** има 2 лица, од кои 1 лице од родот Лалошои од Лешок и 1 лице на лозата на Лалошои од Непроштено - од Китан (03) од Лешок и Левко (04) од Непроштено.

Третото колено на родот Лалошои го чинат **поп Китан (03)** и **Левко (04)** и тие се два сина на Милош. Значи, овој род го познава и пренесува меѓу себе дека **прв поп од Лалошои** бил **поп Китан** кој се јавува околу 1760 година т.е. во времето на укинувањето на Охридската архиепископија.

Но, дали е точно дека Китан бил прв поп во родот Лалошои, како што знаеле и ни пренесоа нашите почитувани претци? Јас мислам дека поп Китан внукот на Лалош, попримил големо влијание од неговиот дедо Лалош, кој најверојатно бил

поп Лалош, или син на поп, односно бил внук на епископот Никанор штом Лалош и внукот поп Китан подаруваат ниви на црквата во Лешок.

За илјада вековната традиција и пренесување на имињата може да видиме дека името Китан се сретнува уште од Кумранските записи пред 45 векови, кој бил еден од царевите на Античка Македонија. Китан бил син на Пир во 288-287 г.п.н.е , а Димитрија I бил син на Симон 287-281 г.п.н.е и т. н. ( извор: ред. бр. 93 и 130 ).

Значи, имињата Китан, Симон, Димитрија, Александар и др. влечат корења од античка Македонија до денес и го дава континуитетот на нашиот род. За ова повеќе имам запишано во поглавието 15- Имињата на моите претци.



( Фото: Митко Спироски, мај 2005,Бујни и миризливи цветови покрај Лешочката река)
( Photo:Mitko Spiroski, May 2005, aromatic flowers near the Lesok's river)

Основата во родот за попската традиција ја втемелил поп Китан и благодарение на него во секое колено-појас од наредните генерации обавезно имало по некој поп. Овој податок кажува за јачината на духовен и економски план на родот Лалошои во Лешок и посебно за улогата што ја одиграла оваа фамилија за формирање и јакнење на Лешок и посебно на Лешочкиот манастир како црковен и духовен центар.

Значи, основоположник на црковниот и духовниот живот и традиција во родот Лалошои и секако и во Лешок и Лешочкиот манастир и во пошироката околина на Долни Полог бил поп Китан. Поп Китан бил многу јака личност и со големо духовно влијание, но, и со јако економско влијание. Тој, имал голем имот оставено позади себе и фактички поп Китан, заедно со дедо му Лалош и епископот Никанор кој бил од истиот свештенички род, кој во 16 и 17 век го викале Главинои и истите извршиле големо влијание на поп Китан и тој дал голем придонес за економско

јакнење на родот Лалошои. Тој имал многу ниви купено и оставил во наследство големо богатство од ниви, стока и злато. Фактички поп Китан го зацврстил доминантното место на Лалошои во однос на останатите родови во Лешок. Доминацијата на фамилијата Лалошои се пренесувала од генерација во генерација, бидејќи во секое колено имало по некој поп и се зголемувала економската снага и моќ, па, истата се задржала и до денеска. Во оваа фамилија е присатен работен и такмичарски дух и во сите генерации се настојувало да се доминира во однос на другите родови. Имено, овој род од секогаш важела за духовно, културно и економски доминатна во однос на другите родови во Лешок и Долни Полог. Ова го потврдува и фактот што од свештеничкиот род Главинои произлегува и епископот Никанор, а се работи за истиот род, но, кој подоцна се викал Лалошои, а не случајно нашиот род го викаат и Византијци, што не враќа и од 15 до 10 век и наназад.

Благодарение на поп Китан кој закупил многу ниви во Полошкото поле, како и шуми на Шар Планина тој имал голема економска сила и затоа и подарил на црквата парче во костените на Шара која се наречува Китанови коштање.

Морам да нагласам дека во меморијата на родот не сме слушнале дека Лалош бил свештено лице, но, сигурно е дека оваа традиција се пренесувала и од претходните генерации, што може да се види и по тоа што и Лалош подарува на Црквата нива, која се евидентирала како Лалошоа нива. А, кој можел и кој подарувал ниви и имот на Црквата? Секако тоа биле лица кои биле посветени на верата и кои имале и голема свештеничка традиција, но, и кои биле имотни. А, се знае дека тогаш најимотни биле свештеничките фамилии. Затоа, Лалош кој бил имотен и бил внук на епископот Никанор од свештеничко семејство Главинои, бил во можност да подари нива, за да го носи неговото име до денес.

Во третото колено на Лалошои, а прв од лозата на Лалошои од Непроштено се појавува Левко (04), кој е основоположник на лозата на Лалошои во Непроштено. Значи, со Левко за прв пат лозата се шири во Непроштено, односно надвор од Лешок, што укажува на големината на родот Лалошои. Во наредните колена вклучувајќи го 12-то колено родот Лалошои се шири и се разгранаа гранки во Тетово, Гостивар, Скопје, Битола, Софија. Белград, Риека и на многу други места на сите континенти на земјината топка.

### 11. 4. Четворто колено - **поп Симон ( 06 )**
( околу 1780 до 1850 г.)

Четворто колено на родот Лалошои од Лешок се појавуваат некаде во 1780 година и има 4 луѓе од кои 3 луѓе од родот Лалошои од Лешок и 1 лице на лозата на Лалошои од Непроштено - од Дамјан (05) од Лешок до Трипун (08) од Непроштено.

Имено, поп Китан имал три деца и тоа два **синови Дамјан (05), поп Симон (06) и една ќерка Марта (08)**.

Значи, поп Китан има два сина од кои едниот е поп Симон кој ја продолжува традицијата како свештеник на својот татко поп Китан и на епископот Никанор, неговиот предок. Секако дека појавувањето на поп Симон како свештеник во нашиот род било од пресудно значење за продолжување на стварање свештеничка традиција, кое се продолжува и до денешните генерации во фамилијата Лалошои. Очигледно е дека големото било влијанието на поп Китан како свештеник и тој делувал неговиот